Сл. весник 121/2015 2.10

# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Врз основа на член 43 став (6) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14 и 97/15), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ УСЛУГИ СО ВОЗДУХОПЛОВ И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ВО ОДНОС НА ВОЗДУХОПЛОВИТЕ, ОПРЕМАТА И ДРУГИТЕ ПОСЕБНИ УСЛОВИ НЕОПХОДНИ ЗА БЕЗБЕДНО И УРЕДНО РАБОТЕЊЕ

## Член 1

Во Правилникот за начинот на вршење на специјализирани услуги со воздухоплов и посебните услови во однос на воздухопловите, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 159/07 и 122/13) во членот 6 став 1 во алинејата 1 по зборот "Македонија" се додаваат зборовите "или во Книгата за евиденцијата на воздухоплови кои не се по ICAO стандарди".

Во алинејата 5 по зборовите "(ICAO Doc. 9408)," се додаваат зборовите "или друг прифатен меѓународен воздухопловен стандард или препорачана практика кои се соодветни за типот на воздухопловот и специјализираните услуги кои се планира да се вршат,".

## Член 2

Во членот 7 во ставот 3 по зборовите "(Manual on Aerial Work)" се додаваат зборовите "или друг прифатен меѓународен воздухопловен стандард или препорачана практика кои се соодветни за типот на воздухопловот и специјализираните услуги кои се планира да се вршат и".

Во ставот 4 по зборовите "(Manual on Aerial Work)" се додаваат зборовите "или друг прифатен меѓународен воздухопловен стандард или препорачана практика кои се соодветни за типот на воздухопловот и специјализираните услуги кои се планира да се вршат".

## Член 3

Во членот 59 во точката 2, точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот "и" и се додава нова точка 3) која гласи:
"3) пилоти кои поседуваат уверение/сертификат/потврда согласно член 9 став (1) од Уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор."

## Член 4

Во членот 62 во ставот 1 по зборовите "наменска конструкција," се додаваат зборовите "воздухопловите без екипаж,".

## Член 5

Во членот 64 се додава нов став 2 кој гласи:
"По исклучок од став 1 на овој член, воздухоплов без екипаж со максимална маса на полетување помала од 20 килограми треба да се одржува согласно инструкциите на производителот, доколку такви постојат."

## Член 6

Во членот 82 во точката (2) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот "и" и се додава нова точка 3) која гласи:
"3) пилоти кои поседуваат уверение/сертификат/потврда согласно член 9 став (1) од Уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор."

## Член 7

Во членот 85 во ставот 1 по зборовите "наменска конструкција," се додаваат зборовите "воздухопловите без екипаж,".

## Член 8

Во членот 87 се додава нов став 2 кој гласи:
"По исклучок од став 1 на овој член воздухоплов без екипаж со максимална маса на полетување помала од 20 килограми треба да се одржува согласно инструкциите на производителот, доколку такви постојат."

## Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Агенција за цивилно воздухопловство,
Директор,
м-р Г **оран Јандреоски,** МБА, с.р.

Бр. 10-711/3
3 јули 2015 година
Скопје